Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

Арх. знак ___
Рок на чување ___
___ 20__ год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

| Примено: | 23. 05. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 04 | 1832/7 | | |

**Архивски бр. 12/6 – 1806/5**
**Дата: 18.05.18**

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта:

**ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/2016 и 35/18), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**

на

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање , број 01 - 1832/6 од 02.04.2018 година.

***Образложение***

Министерството за животна средина и просторно планирање, изготви акт за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање, број 01 - 2372/1 од 03.05.2017 година и број 01-1832/2 од 12.03.2018 година и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, достави барање за добивање на предходна согласност.

Министерството за информатичко општество и администрација, го разгледа доставениот акт и утврди дека истиот е во согласност со постојниот Правилник за систематизација на работните места во министерството, како и во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15), и Каталогот на работни места во јавниот сектор, составен дел на Информациониот

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), воспоставен од страна на министерството.

Врз основа на изложеното, во рамки на законски утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта:

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,
М-Р ЈАХИ ЈАХИЈА

*Изготвил: Емилија Чукиќ, РО*

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен весник на Р. Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), Министерот за животна средина и просторно планирање , донесува

ПРАВИЛНИК

**За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-2372/1 од 3.05.2017 година , број 01-1832/2 од 12.03.2018 година и тоа:

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во работно место со реден број 1 - "државен секретар", во делот на вид на образование, зборот " организациски науки и управување " се заменува со зборот "Архитектура, урбанизам и планирање".

**Член 2**

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, работното место под реден број 6 - "државен советник за води и реализација на инвестициони објекти", се менува со друго работно место кое гласи: "државен советник за работа на проекти и развој" .

| | |
|---|---|
| Реден број | 6. |
| Шифра | УПР 01 01 Б01 000 |
| Ниво | Раководен - I ниво |
| Звање | Државен советник |
| Назив на работно место | државен советник за работа на проекти и развој |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Државен секретар |

| | |
|---|---|
| Вид на образование | Политички науки |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно да раководи, да дава совети, насоки или да помага при раководењето со институцијата или организационите единици во рамките на институцијата |
| Работни задачи и обврски | • извршува најсложени работни задачи кои бараат посебна самостојност и стручност, а кои особено се однесуваат на приоритети и реализација на проекти поврзани со сите медиуми, надлежност на Министерството;<br>• ги советува функционерите за решавањето на најсложените работи за остварувањето на програмата за работа на Министерството од областа на реализацијата на инвестициони објекти;<br>• лично придонесува при оформувањето на ставовите и мислењата по прашања од областа на реализација на инвестициони објекти за кои се бараат одлуки од највисокото ниво на Министертвото;<br>• ги проценува и оценува инвестиционите активности и дава стручна помош во реализација на инвестиционите активностите на министерството;<br>• го координира процесот за обезбедување на ревидирана техничка документација (идејни проекти, основни проекти и изведбени проекти) потребни за реализација на инвестициони објекти предвидени во Програмата за работа на Министерството;<br>• координира при покренување на постапки за обезбедување на просторно планска документација пред надлежни органи на државната, односно локалната управа;<br>• врши координација на изготвување на технички спецификации како дел од тендерска документација за реализација на инвестициони објекти;<br>• изготвува програми, планови, прегледи, информации во врска со изградба на инвестициони објекти;<br>• Дава стручно мислење доколку треба при решавање на предметите поврзани со работа на Министерството |

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-1832/6

02. 04. 2018 година

СКОПЈЕ

МИНИСТЕР

Sadulla Duraki